HEALTH INSURANCE
FUND OF MACEDONIA
www.fzo.org.mk

УПАТСТВО
ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАНИРАЊЕ, ОСТВАРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИОТ ВИД И ОБЕМ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА КОИ ФОНДОТ УТВРДУВА УСЛОВНИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЈАВНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ

Упатството влегува во сила со денот на потпишување.

Изготвил: Бранислава Катушевска

Директор,
Маја Парнарџиева Змејкова

Директор,
Џемали Мехази
Xhemali Mehazi

Доставено до:
- Архива на ФЗОМ
- Сектор за контрола
- Раководители на подрачни служби на ФЗОМ
- Одделение за внатрешна ревизија во ФЗОМ
- Одделение за внатрешна контрола во ФЗОМ
- Јавни здравствени установи за кои има утврдено условни надоместоци

Оригинал

Address: Makedonija bb, 1000 Skopje
Tel.: +389 2 3289055
Central: +389 2 3289000
Fax: +389 2 3289048
E-mail: info@fzo.org.mk

Содржина

Намена на упатството

Примена на упатството

1. Вовед.....4

2. Планирање и обезбедување на специфичниот вид и обем на здравствени услуги.....5

3. Следење и контрола на специфичниот вид и обем на здравствени услуги.....7

4. Референтни документи.....8

Оригинал

Address: Makedonija bb, 1000 Skopje
Tel.: +389 2 3289055
Central: +389 2 3289000
Fax: +389 2 3289048
E-mail: info@fzo.org.mk

Намена на упатството

Упатството е наменето за планирање и обезбедување на специфичниот вид и обем на здравствени услуги како и следење и контрола на специфичниот вид и обем на здравствени услуги за кои Фондот има утврдено условни надоместоци со јавни здравствени установи.

Примена на упатството

Упатството го применуваат; здравствените установи кои имаат склучено договор со Фондот за обезбедување на здравствени услуги за осигурените лица и со кои Фондот има утврдено условни надоместоци за специфичен вид и обем на здравствени услуги, Фондот со подрачните служби (директорите на секторите, раководителите на одделенијата, раководителите на подрачните служби и одговорните лица за процесите планирање, договарање, следење и контрола на здравствени услуги во Фондот.

Оригинал

Address: Makedonija bb, 1000 Skopje
Tel.: +389 2 3289055
Central: +389 2 3289000
Fax: +389 2 3289048
E-mail: info@fzo.org.mk

1. Вовед

Воведувањето на условни надоместоци за прв пат во април 2011 година се покажа како успешна новина во здравствениот систем и за тоа Фондот и сите здруженија на пациенти со кои Фондот редовно комуницира ја оценија оваа новина како крајно позитивна. Затоа и во наредните години, Фондот согласно добиените информации од соработката со здруженијата на пациенти за области каде треба потикнување/стимулирање / на ЈЗУ ја продолжува праксата на договарање на условни надоместоци, но и проширување на видот и обемот на здравствени услуги каде за тоа има можност и интерес.

Фондот останува доследен во спроведување на сите активности и мерки за обезбедување на навремени и квалитетни здравствени услуги кои се неопходни за осигурениците, обезбедување на услуги со нови методи и специфични и скапи лекови, согласно медицина базирана на докази.

Воведувањето на специфичен вид и обем на здравствени услуги, како составен дел на договорите со дел од јавните здравствени установи, има за цел да се стимулираат здравствените установи да ги обезбедат оние услуги кои се дефицитарни или несоодветно планирани. Имено, сите здравствени установи кои како составен дел на договорот имаа и план за специфичен вид и обем во најголем дел истиот го реализираа и ги добија дополнителните условени средства. На тој начин на осигурените лица им беа обезбедени одредени услуги во зголемен обем и квалитет, вклучително и современи методи на лекување со современа терапија и апаратура, со кои се намалија и листите за чекање за одредени здравствени услуги. Истовремено, се зголеми одговорноста на конкретните ЈЗУ и се стимулираа директорите и докторите за отчетност и оправдување на сработеното и се зајакнува улогата на Фондот како стратешки купувач на здравствени услуги.

Со склучувањето на договори со здравствените установи за обезбедување и извршување на здравствените услуги на осигурените лица, за период јануари –декември тековна година, покрај планот за видот и обемот за здравствените услуги кои здравствените установи треба да ги извршат во текот на годината, кај дел од јавните здравствени установи, од интерес за осигурените, се утврдува и посебен план за специфичен (**определен минимален**) вид и обем, од понудениот план на здравствени услуги.

Остварувањето на утврдениот специфичен вид и обем на здравствени услуги е директно поврзан со износот на договорениот условен надоместок за видот и обем на здравствените услуги од специфичниот план и истите, здравствената установа мора во целост да ги исполнува на квартално ниво, односно полугодишно ниво, за да го обезбеди условниот надоместок.

Оригинал

Address: Makedonija bb, 1000 Skopje
Tel.: +389 2 3289055
Central: +389 2 3289000
Fax: +389 2 3289048
E-mail: info@fzo.org.mk

Условните надоместоци претставуваат финансиски средства, како посебен дел од вкупните годишни договорени надоместоци (буџети) што јавните здравствени установи ги добиваат во дванаесетинки од ФЗО, а за возврат треба да ги исполнат договорените норми таргетирани за одредени здравствени услуги од Фондот за здравствено осигурување, а се однесуваат за извршување на специфичен вид и обем на здравствени услуги во годината за која се склучува договорот.
Овие надоместоци се условни, бидејќи финансиските средствата се остваруваат само за извршените здравствените услуги опфатени со специфичниот вид и обем на здравствените услуги. Имено. **Фондот обезбедените средства ќе ги исплати на ЈЗУ во целост само доколку се остварат сите здравствени услуги по вид и обем опфатени со условните надоместоци за секоја интервенција пооделно, за утврден временски период (квартал).**

Следењето на остварувањето на здравствените услуги утврдени во Планот за специфичниот вид и обем се спроведува на квартално ниво, односно полугодишно ниво и по истекот на третиот квартал од годината, врз основа на фактурираните здравствени услуги и извршени контроли од овластени лица на Фондот.

Доколку здравствената установа не ги изврши планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем, Фондот по истекот на кварталот, односно полугодие, ги намалува неискористените средства за соодветниот вид и обем на здравствени услуги (интервенции).

2. Планирање и обезбедување на специфичниот вид и обем на здравствени услуги

Специфичниот вид и обем на здравствени услуги кои се во интерес за осигурените лица се предмет на преговарање, кој процес согласно законската регулатива се спроведува помеѓу Фондот и претставници од ЈЗУ за обезбедување на видот и обемот на здравствените услуги и финансиските средства за нивно остварување за секоја наредна година. Процесот на преговарање се спроведува во период ноември-декември секоја предходна година за наредната.

Секоја година во рамките на преговорите со јавните здравствени установи, кој процес согласно законската регулатива се спроведува помеѓу Фондот и претставници од ЈЗУ за обезбедување на видот и обемот на здравствените услуги и финансиските средства за нивно остварување за секоја наредна година. со дел од здравствените установи се преговара и за посебен план за вид и обем на специфични здравствени услуги кои треба да здравствената установа да ги изврши во наредната година. Процесот на преговарање се спроведува во период ноември-декември секоја предходна година за наредната.

Планирањето на специфичниот вид и обем се врши:

Оригинал

Address: Makedonija bb, 1000 Skopje
Tel.: +389 2 3289055
Central: +389 2 3289000
Fax: +389 2 3289048
E-mail: info@fzo.org.mk

- Согласно реализирањето на специфичниот вид и обем на здравствени услуги во ЈЗУ за изминатиот период;
- потребата од зголемување на обемот на истите;
- потреба нови видови на здравствени услуги и
- расположливите средства на Фондот за оваа намена

За секоја од ЈЗУ за кои се утврдува специфичен вид и обем на здравствени услуги се договара точно определен вид и обем на услуги и соодветно на тоа условен надоместок (буџет) за реализирање на истите пооделно за секој вид на здравствена услуга.

Овие здравствени услуги се прикажуваат во посебен образец, „План за специфичен вид и обем на здравствени услуги“ кој е прилог на договорот. Планот за специфичниот вид и обем на здравствени услуги се потишува од двете договорни страни, од Фондот и од директорот на здравствената, додека во исклучителни случаи задолжително од Фондот. Истиот се доставува во електронска форма на меил адреса< dogovori како и задолжително во хартиена форма, потпишан од двете договорни страни, односно за исклучителни случаи задолжително од Фондот.

Планот се доставува на годишно ниво, поделен по квартали и вкупно годишно, најдоцна до 31 јануари за тековната година.

Во планот, согласно утврдениот образец се искажуваат:

- шифра на здравствена услуга,
- вид на здравствена услуга,
- референтна цена,
- количина по квартали и вкупно на годишно ниво,
- износ по квартали и вкупно на годишно ниво и
забелешка за конкретно постапување.

Планот за специфичниот вид и обем на здравствени услуги во текот на годината може да биде променет, односно, во рамките на вкупниот договорен условен надоместок да бидат корегирани видот и обемот на здравствени услуги од еден во друг квартал, нареден квартал (репланирање).

Репланирањето може да се врши само пред истекот на кварталот за кој има потреба да се изврши корекција на планот и тоа во последниот месец од кварталот, со префрлање на неостварените услуги за извршување во наредниот квартал (барањето треба да биде разумно и возможно за остварување). Новиот ревидиран план за вид и обем се доставува во истиот образец како и планот за специфичниот вид и обем со назнака РЕ-План. Истиот со потпис се одобрува од страна на Фондот.

Оригинал

Address: Makedonija bb, 1000 Skopje
Tel.: +389 2 3289055
Central: +389 2 3289000
Fax: +389 2 3289048
E-mail: info@fzo.org.mk

3. Следење и контрола на специфичниот вид и обем на здравствени услуги

Следењето на остварувањето на здравствените услуги утврдени во Планот за специфичниот вид и обем на здравствени услуги се спроведува врз основа на; фактурираните здравствени услуги (од ДСГ груперот за услугите кои се фактурираат по ДСГ методота и за останатите, од специјалистичко-консултативна и останата болничка здравствена заштита, од електронската фактура) како и со извршена контрола по истекот на квартал, односно полугодие.

Во остварувањето на специфичниот вид и обем се земаат во предвид и услугите од лакерите од други здравствени установи со кои здравствената установа има склучено договор за меѓусебна соработка како и услугите реализирани од дисперзирани лекари.

Доколку здравствената установа не ги изврши планираните здравствени услуги определени во Планот за специфичен вид и обем на здравствени услуги, Фондот по истекот на кварталот, или шестмесечје како и по истекот на третиот квартал од годината, ќе ги намали условните надоместоци за соодветниот износ на неискористени средства за таа намена за секој вид на здравствена услуга пооделно.

Основа за следење и контрола на овој вид здравствени услуги е образецот за Планот за специфичниот вид и обемот на здравствени услуги за тековната година, односно Ре-планот (доколку здравствената установа достави таков и истиот биде прифатен од Фондот).

Следењето се врши континуирано на квартално ниво, по истекот на кварталот за секој изминат квартал, при што задолжително на полугодие и за третиот квартал од годината.

Следењето на планот за специфичниот вид и обем се спроведува од одделението за договарање и преговарање, врз основа на фактурираните месечни здравствени услуги од страна на ЈЗУ, на квартално ниво.

Контролата на специфичниот вид и обем ја вршат овластени лица од Секторот за контрола. Контролите можат да бидат вонтеренски (статични) и теренски во просториите на јавните здравствени установи.

За извршените контроли овластените лица за контрола изготвуваат извештаи за извршените контроли.

Секторот за контрола, извештаите од извршените контроли на специфичниот вид и обем ги доставува до Секторот за финансиски прашања - одделението за буџетска координација, преговарање и договарање, по кои потоа се постапува.

Од одделението за преговарање и договарање од Секторот за финансиски прашања се изготвува анализа за остварениот специфичен вид и обем на здравствени услуги и се доставува на разгледување и усвојување на УО на Фондот по истекот на кварталот, односно полугодие, најдоцна до крајот на август секоја тековна година, односно до крајот на месец ноември за третиот квартал од годината.

Оригинал

Address: Makedonija bb, 1000 Skopje
Tel.: +389 2 3289055
Central: +389 2 3289000
Fax: +389 2 3289048
E-mail: info@fzo.org.mk

Врз основа на Анализата за остварувањето на специфичниот вид и обем на јавната здравствена установа на УО на Фондот се предлага соодветно намалување на договорниот надоместок (во делот кој се однесува за условниот надоместок) доколку здравствената установа не го извршила планираниот вид и обем на здравствени услуги од соодветниот анализиран период.

Управниот одбор на Фондот за неостварениот специфичен вид и обем на здравствени услуги за јавната здравствената установа за неостварениот износ од условниот надоместок донесува Одлука за намалување на договорениот надоместок за тековната година.

4. Референтни документи

- Закон за здравствено осигурување;
- Закон за здравствена заштита;
- Закон за евиденција од областа на здравството;
- Закон за лековите и медицинските помагала;
- Листа на лекови кои паѓаат на товар на Фондот;
- Одлука за утврдување на референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
- Закон за сметководство за буџети и буџетски корисници;
- Правилник за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;
- Одлука за утврдување на висината на учеството на осигураните лица во вкупните трошоцина здравствените услуги и лековите;
- Одлука за утврдување на референтни цени во специјалистичко - консултативната здравствена заштита; во болничка здравствена заштита по ДСГ метода и останата болничка здравствена заштита;
- Упатство за фактурирање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита во здравствени домови, специјалистичко консултативна и болничка здравствена заштита во сите здравствени установи.

Оригинал